# З А К О Н[1]
# ЗА СУДСКИТЕ ТАКСИ

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредува плаќањето на судските такси (во натамошниот текст: такси), за дејствија пред судовите во Република Македонија и Таксената тарифа, која е составен дел на овој закон.

### Член 2

Такси се плаќаат во:

1) парничната постапка;
2) вонпарничната постапка;
3) извршувањето;
4) кривичната постапка поведена по приватна тужба и по барање на супсидијарен тужител;
5) постапката по управните и управно-сметководните спорови;
6) постапката за упис во регистри што ги води судот;
7) стечајната постапка и постапката за ликвидација;
8) постапката по барања за преиспитување на решение за прекршок и
9) други случаи предвидени во Таксената тарифа.

### Член 3

(1) Таксите пропишани со овој закон е должно да ги плати лицето по чиј предлог се поведува постапката или во чиј интерес се преземаат дејствијата во постапката (во натамошниот текст: таксен обврзник).

(2) За одлука на суд со која поднесокот се отфрла како поднесен од неовластено лице, таксата е должен да ја плати подносителот на поднесокот со кој се иницирала постапката.

(3) За поднесоците или за записниците што ги заменуваат нив, таксата е должно да ја плати лицето кое ги поднесува, односно лицете по чие барање се составува записник.

(4) За одлуката на судот таксата е должен да ја плати тужителот, односно предлагачот, а за судското порамнување - двете странки, доколку поинаку не се спогодиле.

(5) Кога според овој закон две или повеќе лица се должни да ја платат таксата заедно, обврската е солидарна.

(6) Во оставинската постапка наследниците се должни таксата да ја платат сразмерно со големината на наследниот дел, ако постапката се води пред суд во случаите предвидени со Законот за вонпарничната постапка.

(7) Кога оставинска постапка се води пред нотар како повереник на судот не се плаќа такса, освен такса за поднесување на предлогот пред суд.

---

**[1] Пречистениот текст на Законот за судските такси, ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во "Службен весник на РМ" бр.114/09, Законот за изменување и дополнување на Законот за судските такси, објавен во "Службен весник на РМ" бр.148/11, Законот за изменување и дополнување на Законот за судските такси, објавен во "Службен весник на РМ" бр.106/13 и Законот за изменување и дополнување на Законот за судските такси, објавен во "Службен весник на РМ" бр.166/14, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.**

**Член 4**

(1) Таксата се плаќа кога ќе настане таксената обврска.

(2) Ако со овој закон поинаку не е определено таксената обврска настанува:

1) за поднесоците - кога се предаваат, а за поднесоците предадени на записник - кога записникот е завршен;

2) за судските одлуки - кога на странката или на нејзиниот застапник ќе му се врачи препис на одлуката;

3) за судските порамнувања - кога ќе се склучат;

4) во постапката за расправање на оставина - кога предлогот странката го предава во суд;

5) во стечајна постапка - кога се поднесува предлогот за поведување на постапка и за одлуката за главна делба;

6) за судските преписи - кога ќе се побараат;

7) за препис на нотарски и други списи кои ги чува судот- кога ќе се побараат и

8) за другите дејствија - кога ќе се побара нивно преземање.

**Член 5**[2]

Таксите се плаќаат во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка, преку мобилни оператори или преку интернет.

За начинот на плаќање на таксите преку мобилни оператори и преку интернет, Министерството за финансии и Министерството за правда ќе склучат договор со мобилните оператори и со деловните банки.

За поднесоци доставени од физички лица до суд по електронски пат, судската такса се плаќа намалена за 15% од предвидената со овој закон.

Кога таксата се плаќа во готови пари таксениот обврзник ја приложува потврдата за платената такса кон поднесокот, односно судскиот спис за кој е платена таксата, а кога се поднесува потврда за платена такса за судска одлука, подносителот е должен посебно да назначи за која одлука се плаќа таксата. Судот на списот за кој е платена таксата ќе го потврди износот на платената такса.

Кога таксата се плаќа по електронски пат, таксениот обврзник е должен по електронски пат до судот да достави банков доказ за платена такса за конкретниот спис, а кога се доставува потврда за платена такса за судска одлука, подносителот е должен посебно да назначи за која одлука се плаќа такса.

**Член 5-а**

Начинот на плаќање на таксите во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка и начинот на плаќање на таксите преку мобилни оператори или преку интернет ги пропишува министерот за правда во согласност со министерот за финансии и министерот за информатичко општество и администрација.

**Член 6**

(1) Нецелосно платената или неплатената такса го задржува текот на судската постапка, ако со овој или друг закон поинаку не е определено.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член во парничната постапка поведена од стечајниот управник за оспорување на побарување на доверител, побивање на правно дејствие, како и водење на други парнични постапки поврзани со стечајната маса, неплатената такса не го задржува текот на судската постапка.

(3) Во стечајната постапка странката која поднесува жалба против решение донесено од стечајниот управник е должна таксата да ја плати пред поднесување на жалбата и доказот за платената такса да го приложи со поднесување на жалбата.

(4) По барање од странката судот е должен да ги прими непосредно од странката и поднесоците за кои не е платена такса или нецелосно е платена.

---

[2] **Види: член 2 од Закон за изменување и дополнување на Законот за судските такси, објавен во "Службен весник на РМ" бр.166/14.**

## Член 6-а

(1) Стечајниот управник во случај кога поведува парнична постапка за оспорување на побарување на доверител, побивање правно дејствие, како и водење на други парнични постапки поврзани со стечајната маса е должен да ја плати таксата најдоцна до правосилно завршување на парничната постапка.

(2) Во случај кога парничната постапка од ставот (1) на овој член завршила со целосно или делумно уважување на тужбеното барање, таксата ја плаќа тужениот.

**Член 7**

(1) Правото на наплата на таксата застарува за три години по истекот на годината во која требало да се плати таксата.

(2) Правото на присилна наплата на таксата, казнена такса и трошоци на извршување, застарува за три години по истекот на годината во која е донесено решението од членот 30 став (4) на овој закон.

(3) Застареноста на наплата на такса се прекинува со секое дејствие на надлежниот орган преземено заради наплата, односно присилна наплата на такса. Застареноста настапува во секој случај кога ќе поминат пет години од моментот кога настанала обврската за плаќање такса, што се констатира со решение.

**Член 8**

Судските такси се приход на Буџетот на Република Македонија.

**Член 9**

Во однос на емитувањето, дистрибуцијата, употребата, повлекувањето од употреба и замената на судските таксени марки од единствена емисија, како и во однос на малопродажбата и провизија од нив, согласно се применуваат прописите за административни такси.

## II. ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ТАКСА

**Член 10**

(1) Од плаќање на такса се ослободени Република Македонија, државните органи, Организацијата на Црвениот крст, како и странски држави, странски државјани и меѓународни организации, ако тоа е предвидено со меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Македонија или под услов на реципроцитет.

(2) Во случај на сомнение за постоење на реципроцитет, мислење дава Министерството за правда.

(3) Таксата не се плаќа и во случаите определени со друг закон.

**Член 11**

Ослободени од плаќање на такса се:

– поранешните вработени за пријавување на побарување од работен однос кај стечајниот должник во стечајна постапка согласно со Законот за стечај,

– граѓаните во постапка за одлучување по барање за ослободување од трошоци на постапката,

– граѓаните во управни спорови од областа на социјалното осигурување, социјалната помош, старателството и посвојувањето и денационализација и

– граѓаните во постапка за извршување на барање за доверување на дете на чување и воспитание.

**Член 12**

(1) Старателот на отсутно лице чие престојувалиште е непознато, старателот на имотот чиј сопственик е непознат, како и привремениот застапник на странката поставен од судот во постапката што се води пред судот, не плаќа такса за лицето кое го застапува.

(2) Таксите од ставот (1) на овој член се наплатуваат од имотот на лицето кое е застапувано.

(3) Неплатените такси од ставот (2) на овој член судот ги внесува во пописот на таксите и по завршувањето на постапката постапува согласно со членот 29 од овој закон.

**Член 13**

(1) Судот ќе ја ослободи од плаќање такса странката ако со плаќањето на таксата значително би биле намалени средствата од кои се издржува странката или членовите на нејзиното семејство.

(2) Судот може на странката да í го одложи плаќањето на таксата се до донесувањето на одлуката или да í дозволи плаќање на таксата на рати.

(3) Решението за ослободување од плаќање такса, за одлагање на плаќање на такса или за плаќање на рати ја донесува судот по предлог на странката во рок од пет дена од денот на поднесениот предлог во судот.

(4) Кон предлогот странката приложува доказ издаден од надлежен орган за имотната состојба која се утврдува врз основа на податоците за приходи по сите основи на тоа лице, како и на членовите на неговото домаќинство со кои живее, и изјава за неговата материјално-социјална состојба за период од шест месеца пред доставувањето на предлогот.

**Член 14**

(1) Решението за ослободување од плаќање на такса се донесува посебно за секоја таксена обврска.

(2) Решението за ослободување од такса судот ќе го укине во текот на постапката ако утврди дека странката е во состојба да ја плати таксата. Притоа, судот ќе одлучи дали странката во потполност или делумно ќе ја плати таксата од која порано била ослободена.

**Член 15**

(1) Ослободувањето од плаќање такса се однесува само на лице на кое му е признато ослободувањето.

(2) Кога повеќе лица заеднички ќе предадат поднесок или заеднички ќе преземат дејствие во постапката, а едно или повеќе од нив се ослободени од плаќање на такса, лицето кое не е ослободено е должно да ја плати таксата, како да нема ослободени лица, освен во случаите на формалното сопарничарство.

**Член 16**

(1) Ако странката која е ослободена од плаќање на такса, успее во постапката, таксите што е должна да ги плати, ги плаќа странката која не е ослободена и тоа во сразмер во кој ослободената странка успеала во постапката.

(2) Ако меѓу странката ослободена од плаќање на такса и странката која не е ослободена постапката заврши со склучување на судско порамнување, странката која не е ослободена плаќа 50% од износот на таксата за порамнување.

(3) Кога постојат услови од членот 168 став (4) на Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија" број 79/2005 и 110/2008), судот може да ја наплати таксата од странката која е ослободена од плаќање на такса без оглед на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 17**

(1) Кога во постапката учествува лице ослободено од плаќање такса и лице кое не е ослободено, судот е должен да води попис на таксите што би требало да ги плати ослободеното лице.

(2) Пописот на таксите се заклучува по завршување на постаката, ако постаката се заврши на начинот предвиден во членот 16 од овој закон, судот ќе му издаде налог за плаќање такса на лицето кое е должно да ја плати таксата.

## III. УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА ЗА НАПЛАТУВАЊЕ НА ТАКСА

**Член 18**

(1) Таксите се плаќаат според вредноста на барањата, односно на предметот на спорот, кога

таа може да се утврди, односно според вредноста определена со овој закон.

(2) За утврдување на вредноста на барањето, односно на предметот на спорот соодветно се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка за утврдување на вредноста на предметниот спор заради определување на стварната надлежност, доколку со овој закон поинаку не е определено.

(3) Вредноста на барањето, односно на предметот на спорот заради наплата на таксата (во натамошниот текст: таксена основица), се утврдува според вредноста што ја имало барањето, односно предметот на спорот во времето на поднесувањето на поднесокот, односно преземањето на дејството.

**Член 19**

Во споровите за правото на законско издржување или за побарување на одделни износи на законско издржување, како таксена основица се зема збирот на давањата за три месеца, ако не се бара издржување за пократко време.

**Член 20**

(1) Ако со една тужба се опфатени повеќе барања против ист тужен, како таксена основица се зема збирот на вредностите на сите барања.

(2) Ако со една тужба се опфатени повеќе тужени, а барањата се засноваат врз суштествено ист вид на фактички и правен основ, како таксена основица се зема вредноста на секое одделно барање.

**Член 21**

Во случајот од членовите 178 став (2) и 187 став (2) на Законот за парничната постапка, таксената основица се определува според барањето чија вредност е поголема.

**Член 22**

Ако предмет на спорот е наследно право на целата оставина, како таксена основица се зема вредноста на чистата оставина, а ако предмет на спорот е само еден дел од оставината или одделен предмет од оставината, како таксена основица се зема чистата вредност на тој дел, односно тој предмет.

**Член 23**

За сопственички спорови и спорови за владение на недвижности како таксена основица се зема прометната вредност на предметот на спорот, но таа не може да биде помала:

1) за земјиште - од трикратниот износ на катастарскиот приход од земјиштето и

2) за зграда или посебни делови од зграда - од тригодишниот износ на станарината, односно закупнината.

**Член 24**

Како таксена основица се зема:

1) износ од 10.000 денари во споровите:

– за вршење на родителски права;

2) износ од 20.000 денари во споровите:

– за утврдување на постоење или непостоење на брак,

– за поништување или развод на брак и

– за доживотно издржување;

3) износ од 40.000 денари во споровите:

– за стварни и лични службености,

– за отказ на договор за закуп на деловна зграда или деловна просторија и

– за смеќавање на владение и предавање во владение и

4) износ од 40.000 денари во сите други спорови, ако со овој закон поинаку не е определено.

**Член 25**

(1) Ако судот утврди, врз основа на претходно извршени потребни проверувања, дека вредноста на спорот за определување на таксената основица странката ја определила многу високо или многу ниско, судот најдоцна до закажување на подготвително рочиште брзо и на погоден начин ќе ја утврди вредноста на спорот.

(2) Судот на ист начин ќе постапи ако спротивната странка приговори дека назначената вредност на спорот за определување на таксена основица е неправилно утврдена.

(3) Против решението на судот од ставот (1) на овој член, може да се изјави посебна жалба согласно со закон, само ако странката не може да се жали против одлуката за главна работа.

**Член 26**

(1) Првобитната вредност на барањето, односно на предметот на спорот, останува како таксена основица без оглед на тоа што таа вредност се променила во текот на постапката, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

(2) Ако судот утврди нова вредност во смисла на членот 25 од овој закон како таксена основица се зема утврдената нова вредност.

(3) Кога вредноста ќе се промени поради промена на барањето или делумно решавање на барањето, како таксена основица се зема променетата вредност за сите поднесоци, што ќе бидат поднесени, односно преземени дејствија по таквата промена. Ако вредноста се променила поради изјава на странката во поднесокот, како таксена основица за тој поднесок се зема изменетата вредност.

(4) Ако со правниот лек се побива одлуката само во еден дел, како таксена основица за правниот лек се зема вредноста само на побиваниот дел.

(5) Ако правниот лек го вложуваат двете странки, таксата за правниот лек се определува посебно за секоја странка, според вредноста на оној дел од одлуката што се побива со правниот лек.

(6) За правниот лек што се вложува само против одлуката за трошоците на постапката или за споредените барања, како таксена основица се зема износот на трошоците на постапката, односно на споредените барања.

## IV. ПОСТАПКА ЗА НАПЛАТА НА НЕПЛАТЕНА ТАКСА

**Член 27**

(1) Ако судот прими поднесок од странка, за кој не е платена такса или таксата не е платена целосно, или ако странката не доставила потврда за платената такса која се плаќа во готови пари, судот на подносителот ќе му достави налог за плаќање на таксата со укажување дека е должен да ја плати во рок од пет дена од денот на приемот на налогот и воедно ќе ја предупреди странката за последиците од неплаќање на таксата. Во овој случај странката плаќа такса и за доставениот налог за плаќање.

(2) Одредбите од ставот (1) на овој член не се однесуваат на такса за тужба во парнична постапка.

(3) Нецелосно платена такса за тужба во парнична постапка се смета за неплатена такса.

**Член 28**

(1) Ако странката присуствува на судско дејствие за кое е должна да плати такса, а не ја плати таксата веднаш, судот ќе ѝ укаже дека е должна да ја плати таксата во рок од пет дена. Судот вака ќе постапи и кога странката непосредно му предава на судот поднесок за кој не е платена такса или нецелосно е платена.

(2) Ако странката не присуствува на судско дејствие за кое е должна да плати такса, судот ќе ѝ испрати налог да ја плати во рок од три дена од денот на приемот на налогот. Во овој случај странката плаќа такса и за доставениот налог за плаќање.

(3) Во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член, судот ќе ја предупреди странката за последиците од неплаќањето на таксата во определениот рок од членот 30 на овој закон и тоа ќе се назначи во судскиот спис.

**Член 29**

(1) Ако таксениот обврзник живее во странство, без оглед дали е државјанин на Република Македонија или странски државјанин или има седиште во странство, а таксата не ја плати во моментот на настанувањето на таксената обврска, освен такса за поднесување на тужба во парнична постапка, судот ќе води попис на неплатената такса и по завршувањето на постапката ќе издаде налог за плаќање на таксата (член 28 ставови (1) и (2)), со тоа што рокот за плаќање на таксата не може да биде пократок од 30 дена ниту подолг од 60 дена.

(2) Во случај од ставот (1) на овој член на таксениот обврзник му се засметува и казнена такса која изнесува 50% од вредноста на неплатената такса.

**Член 30**

(1) Ако таксениот обврзник не ја плати таксата во рокот определен со членовите 27, 28, односно 29 од овој закон, судот во рок од три дена ќе побара од Управата за јавни приходи на чие подрачје таксениот обврзник има живеалиште (седиште), таксата да се наплати по присилен пат, а на списот ќе забележи дека од наведениот орган е побарана присилна наплата.

(2) Ако таксениот обврзник нема живеалиште, односно седиште во Република Македонија, барањето од ставот (1) на овој член судот ќе го достави до Управата за јавни приходи на чие подрачје се наоѓа судот, односно имотот на таксениот обврзник.

(3) По известување за прием на барањето од ставовите (1) и (2) на овој член од Управата за јавни приходи, судот продолжува со преземањето на дејствијата во постапката.

(4) По приемот на барањето, Управата за јавни приходи донесува решение за присилна наплата на таксата зголемена за 50% на име казнена такса. Двете такси се наплаќаат и се книжат во корист на сметката на приходите од судски такси во Буџетот на Република Македонија и задолжително се известува судот за извршената наплата.

(5) Против решението од ставот (4) на овој член таксениот обврзник може да изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението. По жалбата е надлежен да одлучува министерот за финансии. Жалбата не го одложува извршувањето на решението.

**Член 31**

Ако неплатените такси во еден предмет по правосилно завршување на постапката не го надминуваат износот од вкупно 200 денари, не се применуваат одредбите од Главата IV на овој закон.

## V. ВРАЌАЊЕ НА ТАКСАТА

**Член 32**

(1) Право на враќање на такса има лице кое платило такса која воопшто не било должно да ја плати или платило такса во износ поголем од пропишаниот, како и лице кое платило такса за судско дејствие што не е извршено.

(2) Лицето кое платило такса за судско дејствие што не е извршено, не може да бара враќање на таксата за поднесокот со кој барало извршување на дејствието.

**Член 33**

(1) Барањето за враќање на таксата му се поднесува на судот кој ја определил таксата во рок од 60 дена од денот кога таксата е погрешно платена или повеќе платена, односно од денот на дознавањето дека дејствието не е извршено.

(2) Во случаите од членот 32 став (2) на овој закон рокот од ставот (1) на овој член тече од денот на доставувањето на актот.

(3) Враќање не може да се бара по истекот на една година од денот кога таксата била платена.

**Член 34**

Ако повисок суд укине одлука на понизок суд, таксата платена за укинатата одлука се вбројува во таксата за новата одлука.

**Член 35**

(1) По барањето за враќање на таксата судот донесува одлука.

(2) Судот одлуката ја доставува до Министерството за финансии, кое донесува решение за враќање на таксата.

(3) Враќањето на таксата се врши на товар на приходите од судски такси.

**Член 36**

Во постапката за враќање на таксата не се плаќа такса.

## VI. НАДЗОР

**Член 37**

Надзор врз спроведувањето на одредбите од овој закон врши Министерството за правда.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 38**

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 39**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за судски такси ("Службен весник на СРМ" број 46/90, 11/91 и "Службен весник на Република Македонија" број 65/92, 20/95, 48/99 и 27/2006) и престанува да важи членот 77-б од Законот за извршување ("Службен весник на Република Македонија" број 35/2005, 50/2006, 129/2006 и 8/2008).

**Член 40**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а одредбите на членот 5 став (2) од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2010 година.

# ТАКСЕНА ТАРИФА

## I. ПАРНИЧНА ПОСТАПКА И ИЗВРШУВАЊЕ

### 1. Поднесоци

**Тарифен број 1**

1. За тужба, противтужба и за предлог за повторување на постапка според вредноста на спорот се плаќа следнава такса:

| Вредност на спорот во денари | | |
|---|---|---|
| преку | до | Такса во денари |
| | 10.000 | 480 |
| 10.000 | 20.000 | 800 |
| 20.000 | 40.000 | 1.200 |
| 40.000 | 60.000 | 1.600 |
| 60.000 | 100.000 | 2.000 |

преку 100.000 уште 2% на секој започнат денар над 100.000 денари, а најмногу вкупно 48.000 денари;

2. За тужба со предлог за издавање платен налог, за предлог за противизвршување,

обезбедување на побарувања и за издавање времена мерка, за отказ на договор за закуп на деловна зграда или деловна просторија, за приговор против платен налог, за приговор против решение за противизвршување или обезбедување, за одговор на жалба или ревизија, се плаќа половина од таксата од точката 1 на овој тарифен број;

3. За приговор против неправилности при извршување според Законот за извршување и за судска одлука донесена по приговорот се плаќа половина од судската такса од точката 1 на овој тарифен број според вредноста на оспорениот дел;

4. За жалба против решение на претседателот на основниот суд според Законот за извршување, се плаќа такса како за тужба;

5. За одговор на приговор и одговор на жалба според Законот за извршување се плаќа половина од таксата од точката 1 на овој тарифен број;

6. За жалба и ревизија против пресуда и за жалба против решение во спорови поради смеќавање на владение и предавање во владение, се плаќа двојната такса од точката 1 на овој тарифен број;

7. За жалба против решение со кое се завршува постапката се плаќа таксата од точката 1 на овој тарифен број;

8. За предлог за враќање во поранешна состојба, за предлог за признавање на одлука на странски суд, за предлог за обезбедување докази, за предлог за обид за порамнување пред поведување на постапка, се плаќа такса во износ од 480 денари;

9. За приговор против решение за признавање на одлука на странски суд, се плаќа такса во износ од 480 денари;

10.За жалба против решението донесено по предлог за враќање во поранешна состојба, против решение за признавање на одлука на странски суд, се плаќа такса во износ од 800 денари;

11.За барање за изземање на судија или претседател на суд се плаќа такса во износ од 800 денари и

12.За жалба против решение донесено согласно со членот 27 став 2 од овој закон се плаќа паушална такса во износ од 1.200 денари.

ЗАБЕЛЕШКА:

1) ако во тужбата е ставен предлог за обезбедување на побарување покрај такса за тужба се плаќа такса и за предлогот, освен во статусните спорови (развод или поништување на брак, утврдување на родителско право) и во споровите за издржување;

2) ако во жалба е ставен предлог за враќање во поранешна состојба се плаќа такса како за предлог. Ако постапката продолжи по жалба се плаќа такса и за жалба;

3) за предлог за противизвршување и за предлог за обезбедување на побарувања, се плаќа една такса и кога се предлагаат повеќе средства за противизвршување, односно обезбедување, без оглед дали тие се предлагаат истовремено или дополнително;

4) за поднесоци примени на записник, се плаќа такса предвидена за односниот поднесок и

5) ако е донесено решени од членот 27 став 2 на овој закон како последица на неплатена такса, странката дополнително не плаќа такса за дејствието што е пропуштено.

## 2. Одлуки

### Тарифен број 2

1. За првостепена пресуда, како и за решение во спорови поради смеќавање на владение и предавање во владение, според вредноста на предметот на спорот, се плаќа таксата од точката 1 на тарифниот број 1;

2. За пресуда поради изостанок, за пресуда врз основа на признание пресуда врз основа на одрекување, пресуда поради неподнесување на одговор на тужба и пресуда без одржување на расправа, донесени на подготвително рочиште, односно на првото рочиште за главна расправа, ако подготвително рочиште не е одржано, се плаќа половина од таксата од точката 1 на

тарифниот број 1;

3. За решение за издавање платен налог се плаќа половина од таксата од точката 1 на тарифниот број 1;

4. За решение за обезбедување на побарувања се плаќа половина од таксата од точката 1 на тарифниот број 1, а ако ова решение се донесува врз основа на странска извршна исправа, се плаќа полната такса од точката 1 на тарифниот број 1;

5. За решение по предлогот за враќање во поранешна состојба за решение за обезбедување докази и за решение по предлогот за признавање на одлука на странски суд, за решение со кое се завршува постапката и за решение од членот 27 став 2 на овој закон се плаќа такса во износ од 800 денари и

6. За решение за изземање на судија или претседател на суд се плаќа такса во износ од 800 денари.

ЗАБЕЛЕШКА:

1) за дополнителна пресуда или решение не се плаќа такса, ако за одлуката што е дополнета е платена такса според полната вредност на спорот;

2) за меѓупресуда се плаќа такса во полн износ според вредноста на предметот на спорот, а за конечната одлука не се плаќа такса;

3) за делумна пресуда се плаќа такса според вредноста на барањето за кое е одлучено, а за конечната одлука се плаќа такса според вредноста на остатокот на спорниот предмет што не е опфатен со делумната пресуда;

4) за првостепена пресуда што е донесена во врска со противтужба се плаќа такса како да е посебно расправано за противтужба;

5) ако заради заедничко расправање се споени повеќе постапки, такса за пресудата се плаќа посебно за секој спор, како да не постои спојување на повеќе постапки;

6) таксата за решението за издаден платен налог се засметува во таксата за одлуката што ќе биде донесена по повод приговорот, односно во таксата за порамнување;

7) такса за приговор против неправилности при извршување, жалба против одлука за обезбедување на побарување, како и такса за одлука по повод тужбата во која е ставен предлог за издавање на платен налог, се плаќа при поднесувањето на приговорот, жалбата, предлогот, односно тужбата и

8) за решение за обезбедување се плаќа една такса, без оглед дали е одлучено за повеќе средства за обезбедување и без оглед дали за сите овие средства е одлучувано истовремено или дополнително.

**3. Порамнување**
**Тарифен број 3**

1. За судско порамнување, според вредноста за која странките се спогодиле се плаќа една четвртина од таксата од точката 1 на тарифниот број 1 и

2. Ако вредноста на предметот на порамнувањето не може да се утврди, се плаќа такса во износ од 2.400 денари.

ЗАБЕЛЕШКА:

1) ако со меѓупресуда е одлучено за основот на барањето, а потоа се склучи порамнување за износот на барањето, не се плаќа такса за порамнување.

## II. ВОНПАРНИЧНА ПОСТАПКА
### А. Општи одредби

**Тарифен број 4**

1. За предлог за поведување вонпарнична постапка се плаќа такса во износ од 480 денари;

2. За одлука во вонпарнична постапка се плаќа такса во износ од 1.000 денари, а за порамнување 480 денари и

3. За жалба и ревизија во вонпарнична постапка се плаќа такса во износ од 800 денари.

ЗАБЕЛЕШКА:

1) такса по овој тарифен број се плаќа во сите вонпарнични постапки, доколку со Таксената тарифа поинаку не е определено;

2) во постапка за прогласување за умрено лице, кое исчезнало во војна или во елементарна непогода, не се плаќа такса и

3) ако жалбата ја поднесува лицето лишено од деловна способност, односно неговиот законски застапник или старател, не се плаќа такса.

## Б. Посебни одредби за одделни видови вонпарнични постапки

### 1. Оставинска постапка
### Тарифен број 5

1. За решение за наследување се плаќа такса според вредноста на чистата оставина, и тоа:

| Вредност на спорот во денари | | |
|---|---|---|
| преку | до | такса во денари |
| - | 10.000 | 480 |
| 10.000 | 50.000 | 800 |
| 50.000 | 100.000 | 1.600 |
| 100.000 | | 2.400 |

преку 100.000 уште 1% за секој започнат денар преку 100.000, а најмногу вкупно 9.600 денари.

ЗАБЕЛЕШКА:

1) судот ја утврдува вредноста, што е основица за одмерување на таксата, по слободна оцена врз основа на изјава на наследниците и податоците со кои располага. По потреба, судот може да нареди да се изврши процена преку вешти лица на трошок на наследниците. Вредноста на чистата оставина се утврдува според вредноста што ја има во времето на процената;

2) наследниците ја плаќаат таксата сразмерно со наследните делови и

3) не се плаќа посебна такса за делба на наследство, ако наследниците спогодбено ја предложат делбата и спогодбата за делбата треба да биде внесена во решението за наследување.

### Тарифен број 6

1. За жалба против решение за наследување, се плаќа такса во износ од 800 денари.

### 2. Составување и чување на тестамент
### Тарифен број 7

1. За составување на судски тестамент, се плаќа такса во износ од 800 денари;

2. За чување тестамент во судот, за отповикување тестамент пред судот и за враќање на тестамент кој се чува во судот, се плаќа такса во износ од 480 денари и

3. За враќање на тестамент што се заменува со нов се плаќа такса во износ од 300 денари.

ЗАБЕЛЕШКА:

1) не се плаќа нова такса за чување ако се врши замена на тестаментот, но се наплатува такса за враќање за тестаментот што се заменува и

2) не се плаќа такса за отповикување на тестамент ако со подоцнежниот тестамент се

отповикува поранешниот и наедно се составува нов тестамент.

**3. Постапка за делба**
**Тарифен број 8**

1. За предлог за делба на заеднички предмет или имот, се плаќа такса во износ од 800 денари и

2. За одлука на предлогот и за жалба против одлуката, се плаќа такса во износ од 960 денари.

**4. Постапка за уредување на меѓи**
**Тарифен број 9**

1. За предлог за уредување на меѓи, се плаќа такса во износ од 800 денари и

2. За одлука по предлогот и за жалба против одлуката, се плаќа такса во износ од 960 денари.

**5. Заверка на потписи, ракописи, фотокопии, преписи и преводи**
**Тарифен број 10**

1. За молба (писмена или усна), со која се бара заверка на потпис (ракознак), ракопис, препис или превод, се плаќа такса во износ од 100 денари;

2. За заверка на секој потпис се плаќа такса во износ од 200 денари;

3. За заверка на превод на постојан судски преведувач, се плаќа такса во износ од 200 денари;

4. За заверка на ракопис или препис, за секоја страница се плаќа такса во износ од 300 денари;

5. За заверка на препис или исправа пишувана на странски јазик, за секоја страница се плаќа такса во износ од 400 денари;

6. За заверка на фотокопија на документ, за секоја страница се плаќа такса во износ од 100 денари и

7. За потврдување на договор се плаќа:

1) според вредноста на предметот на договорот, и тоа:

| Вредност на спорот во денари | | |
|---|---|---|
| преку | до | такса во денари |
| - | 10.000 | 300 |
| 10.000 | 50.000 | 500 |
| 50.000 | 100.000 | 1.000 |

преку 100.000 уште 0,5%, а најмногу 2.000 денари;

2) ако вредноста на договорот не може да се утврди, се плаќа такса во износ од 400 денари и

3) за заверка за продолжување на рокот за важење на договор се плаќа 50% од таксата од точката 7 потточки 1 и 2 на овој тарифен број.

ЗАБЕЛЕШКА:

1) ако таксата не е платена, не се врши заверка;

2) за заверка на потпис и печат, се плаќа една такса и

3) не се плаќа такса за заверка на исправи за остварување на правата од социјално осигурување во странство.

## III. КРИВИЧНА ПОСТАПКА ПО ПРИВАТНА ТУЖБА

**1. Поднесоци**
**Тарифен број 11**

1. За приватна тужба, противтужба и за барање за повторување на постапка, се плаќа такса во износ од 800 денари;

2. За предлог за враќање во поранешна состојба, се плаќа такса во износ од 400 денари и

3. За жалба против првостепена пресуда и за жалба против решение со кое е изречена судска опомена, се плаќа такса во износ од 800 денари.

**2. Одлуки**

**Тарифен број 12**

1. За првостепена пресуда и за решение со кое се изрекува судска опомена се плаќа такса во износ од 800 денари.

ЗАБЕЛЕШКА:

1) ако првостепената одлука се укине, платената такса се засметува во таксата за новата првостепена пресуда.

## IV. ПОСТАПКА ПО УПРАВНИТЕ СПОРОВИ, УПРАВНО-СМЕТКОВОДНИТЕ СПОРОВИ И ЗА СУДСКА ЗАШТИТА

**1. Поднесоци**

**Тарифен број 13**

1. За тужба против поединечен акт, се плаќа такса во износ од 480 денари;

2. За барање на судска заштита против конечни поединечни акти и за барање за заштита поради незаконито дејство, се плаќа такса според точката 1 од овој тарифен број;

3. За тужба за повторување на постапка, се плаќа такса според точката 1 од овој тарифен број;

4. За тужба во управно-сметководни спорови, се плаќа такса во износ од 800 денари;

5. За жалба против пресуда донесена во управен спор, се плаќа такса во износ од 800 денари и

6. За жалба против пресуда донесена во управно-сметководен спор, се плаќа такса во износ од 1.600 денари.

**2. Одлуки**

**Тарифен број 14**

1. За пресуда во постапка во управен спор, се плаќа такса во износ од 800 денари;

2. За пресуда во постапка во управно-сметководен спор, се плаќа такса во износ од 1.600 денари;

3. За одлука по барање за судска заштита против конечни поединечни акти и по барање за заштита поради незаконито дејство, се плаќа такса според точката 1 од овој тарифен број и

4. За одлука по барањето за повторување на постапката, се плаќа такса во износ од 480 денари.

## V. БАРАЊЕ ЗА ПРЕИСПИТУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ПРЕКРШОК

**Тарифен број 15**

1. За барање за преиспитување на решението за прекршок, се плаќа такса во износ од 480 денари;

2. За одлука на судот со која барањето за преиспитување на решението за прекршок е отфрлено, се плаќа такса во износ од 480 денари и

3. За одлука на судот со која барањето за преиспитување на решението за прекршок е одбиено, се плаќа такса во износ од 800 денари.

## VI. УПИС ВО РЕГИСТРИ ШТО ГИ ВОДИ СУДОТ

### Пријави
### Тарифен број 16

1. За пријава за упис во регистри што ги води судот (во натамошниот текст: регистри), се плаќа такса во износ од 960 денари.

ЗАБЕЛЕШКА:

1) ако со една пријава се бараат повеќе уписи за ист субјект на уписот, се плаќа само една такса од овој тарифен број.

### 2. Упис во регистри
### Тарифен број 17

1. За решение за упис на субјектот на уписот, се плаќа такса во износ од 1.600 денари;

2. За решение за упис на здружување, организирање, промена на органнизираноста или статусните измени на субјектот на уписот, се плаќа такса во износ од 800 денари;

3. За решение за упис на други податоци за субјектот на уписот или за упис на промена на запишаните податоци, се плаќа такса во износ од 400 денари и

4. За решение за упис на престанок на субјектот на уписот, се плаќа такса во износ од 800 денари.

### 4. Објавување
### Тарифен број 18

1. За доставување на запишаните податоци заради објавување во "Службен весник на Република Македонија", се плаќа такса во износ од 400 денари.

## VII. СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

### 1. Поднесоци
### Тарифен број 19

1. За предлог за отворање на стечајна постапка, се плаќа такса во износ од 480 денари;

2. За план за реорганизација поднесен во текот на стечајната постапка, се плаќа такса во износ од 480 денари;

3. За пријава се плаќа такса во износ од 480 денари и

4. За жалба против решение на стечајниот судија, се плаќа такса во износ од 800 денари.

ЗАБЕЛЕШКА:

1) не плаќа такса од овој тарифен број доверител кој поради отворање на стечајна постапка останал без работа.

## 2. Паушална такса[3]

## VIII. ПОСЕБНИ СЛУЧАИ

### 1. Судски уверенија
### Тарифен број 20

1. За поднесок со кој се бара издавање на уверение, се плаќа такса во износ од 80 денари и

2. За уверение се плаќа такса во износ од 240 денари, а за вториот и секој натамошен примерок се плаќа такса во износ од 80 денари за секој примерок.

ЗАБЕЛЕШКА:
1) уверение не се издава ако таксата не е платена.

### 2. Полномошно
### Тарифен број 21

1. За издавање усно полномошно на записник пред суд, се плаќа такса во износ од 80 денари;

2. За усно отповикување или отказ на полномошно на записник пред суд, се плаќа такса во износ од 80 денари и

3. За судско известување за отповикување или отказ на полномошно, се плаќа такса во износ од 160 денари.

ЗАБЕЛЕШКА:
1) не се плаќа такса од овој тарифен број во кривична постапка за дела што се гонат по службена должност.

### 3. Разгледување на списи
### Тарифен број 22

1. За разгледување на архивирани судски списи, се плаќа такса во износ од 240 денари.

### 4. Преписи
### Тарифен број 23

1. За препишување на судски акти, како и за препишување на акти од збирка на исправи, што го извршил судот по барање на странката, се плаќа такса во износ од 80 денари за секоја страна од оригиналот. За секој натамошен примерок на препис и за препис на судски записник, што бил изготвен истовремено со оригиналот, се плаќа такса во износ од 40 денари за секоја страница;

1-а. За втор дигитален запис од тонското снимање на рочиште се наплатува такса во износ од 50 денари.

1-б. За писмена (хартиена) форма на тонскиот запис од рочиште се наплатува такса во износ од 40 денари од секоја страница симнат тонски запис, а за секој натамошен примерок од него се наплатува 20 денари за секоја страница.

1-в. За доставување на примерок од судска одлука објавена на веб страница на судот, во фотокопија, се наплатува такса во износ од 10 денари за секоја страница на одлуката.

2. За препишување на исправа на странски јазик, се плаќа двојна такса од точката 1 на овој тарифен број;

---

**[3] Тарифниот број 20 е избришан, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за судските такси ("Службен весник на РМ" бр.106/13)**

3. За молба за издавање препис и за заверка на преписот се плаќа такса според тарифниот број 10 и

4. Препис не се издава ако таксата не е платена.

**5. Изводи од јавни книги**
**Тарифен број 24**

1. За извод од регистар, се плаќа такса во износ од 80 денари за секоја страница;

2. За секој натамошен примерок на изводот, како и за изводот што го составила странката и му го поднела на потврда на судот, се плаќа половина од таксата од овој тарифен број и

3. Извод не се издава ако таксата не е платена.

**6. Судски депозит**
**Тарифен број 25**

1. За депозит (чување) на пари, предмети и хартии од вредност, се плаќа такса годишно во износ од 1% од вредноста на депозитот.

ЗАБЕЛЕШКА:

1) такса се плаќа за првата година однапред, а за другите години при подигање на депозитот. Започнатата година се смета за цела година;

2) ако депозитот се пренесе од еден на друг суд по барање на депонентот, за пренос се плаќа износ на едногодишна такса;

3) ако вредноста на предметот може да се утврди само со процена, се врши процена од страна на вештаци на трошок на депонентот и

4) не се плаќа такса ако депозитот се полага по барање на државни органи и се подига во предвидениот рок.

**7. Протести**
**Тарифен број 26**

1. За протест на меница, чек и други исправи или договори поради неакцептирање, неисплата или неисполнување, како и за замена на протести, според прописите за меницата и чекот, се плаќа такса според вредноста, и тоа:

| Вредност на спорот во денари | | |
|---|---|---|
| преку | до | такса во денари |
| | 10.000 | 300 |
| 10.000 | 30.000 | 800 |
| 30.000 | 60.000 | 1.000 |
| 60.000 | 100.000 | 1.500 |
| 100.000 | | 2.000 |

2. За молба за протест се плаќа такса според точката 1 од тарифниот број 10.

**8. Правна помош**
**Тарифен број 27**

1. За поднесок кој се дава усно на записник пред судот, се плаќа такса според тарифниот број за односниот поднесок и

2. За составување на договор пред судот се плаќа такса:
а) според вредноста на предметот на договорот, и тоа:

| Вредност на спорот во денари | | |
|---|---|---|
| преку | до | такса во денари |
| | 10.000 | 300 |
| 10.000 | 30.000 | 800 |
| 30.000 | 60.000 | 1.000 |
| 60.000 | 100.000 | 1.500 |
| 100.000 | | 2.000 |

б) ако вредноста на предметот на договорот е непроценлива, се плаќа такса во износ од 1.000 денари.

**9. Други предмети**
**Тарифен број 28**

1. За предлог на странката судот да определи судија или претседател на избран суд, се плаќа такса во износ од 480 денари;
2. За предлог за изземање на судија на избран суд, се плаќа такса во износ од 800 денари и
3. За ставање потврда на правосилност или извршност на пресуда на избран суд, се плаќа такса во износ од 480 денари.

ЗАБЕЛЕШКА:
1) не се плаќа таксата од точката 1 на овој тарифен број ако предлогот за назначување на претседател на избран суд го поднел избран судија.

**Тарифен број 29**

1. За опомена со која некој се повикува да плати такса што бил должен да ја плати и без опомена, се плаќа такса во износ од 160 денари.

**ОДРЕДБА**
**од Законот за изменување и дополнување на Законот за судските такси**
**(“Служен весник на РМ“бр.148/11)**
**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

**ОДРЕДБА**
**од Законот за изменување и дополнување на Законот за судските такси**
**(“Служен весник на РМ“бр.106/13)**
**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

**ОДРЕДБИ**
**од Законот за изменување и дополнување на Законот за судските такси**
**(“Служен весник на РМ“бр.166/14)**
**Член 2**

Одредбата од членот 1 со која се додава нов став 3 на членот 5 ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2015 година со важност до 1 јануари 2020 година.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.